# РЕШАВАЊЕ ЗАДАЧИ СО СИМПЛЕКС МЕТОДОТ ВО EXCEL И MATHEMATICA

*Марија Љубеновска* [1], *Биљана Златановска* [1]

[1] *Факултет за информатика,*
*Универзитет „Гоце Делчев"- Штип*

e-mail: marija.101967@student.ugd.edu.mk,
biljana.zlatanovska@ugd.edu.mk

Симплекс методот е итеративна процедура која овоможува насочено испитување на базните програми со позната почетна базна програма преку генерирање низа од точки така што сите од нив се базни допустливи решенија на системот од ограничувачки равенства за ЛП-задачата дадена во стандарден облик. По конечен број чекори се добива конечна оптимална програма или добиваме сознание за нејзино непостоење. Достапноста на IT алатките во училница ни овозможуваат брзо, лесно и успешно користење на овој метод. Подобни IT алатки за решавање задачи од линеарно програмирање со симплекс методот се Excel и Mathematica.